**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Александар Чамовски**
**именуван за подрачјето**
**на Основниот суд**
**Струмица и Радовиш**
**ул.Васил Сурчев бр.20 влез 1 локал 3**
**тел. 034/609-400**

**Образец бр.66**

**И.бр. 2150/2025**

Извршителот Александар Чамовски од Струмица, ул.Васил Сурчев бр.20 влез 1 локал 3 врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот М Банка АД Скопје од Скопје со седиште на ул.Св. Кирил и Методиј бр.7, засновано на извршната исправа ОДУ.бр.305/25 од 26.03.2025 година на Нотар Елена Милушева Сапунџиева, против должникот ДПТУ Касалуссо Дизајн ДООЕЛ с.Робово од Босилово со седиште на 3 бр.10 Инд.зона-блок 10 Робово Босилово, за спроведување на извршување во вредност парично побарување на ден 11.06.2026 година го донесува следниот:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ПРВА ПРОДАЖБА НА ПОДВИЖНИ ПРЕДМЕТИ СО УСНО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ
**(врз основа на членовите 108 и 109 од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА прва продажба со усно јавно наддавање на следните подвижни предмети:

**Машина за вертикално сечење на иверица**
**Кол.:1**
**Производител:Bala makina sanayi ve ticaret limited sirketi**
**Тип: DPM 21 41**
**Сериски број: 6738**
**Година на производство: 2021**
со вредност од **817.928,00 денари,** која вредност претставува почетна цена за првото усно јавно наддавање.

**Компресор за воздух 500л**
**Кол.:1**
**Производител:Abac Aria Compressa S.P.A Italy**
**Тип: Б 70000/500 FT 10 V400 MERKUR**
**Сериски број: 4,12E+09**
**Година на производство: 2021**
со вредност од **76.500,00 денари,** која вредност претставува почетна цена за првото усно јавно наддавање.

Предметите се оптоварени со следните товари:
-Нотарски акт-Договор за засновање залог врз подвижни предмети ОДУ.бр.305/25 од 26.03.2025 година на Нотар Елена Милушева Сапунџиева од Струмица.
-Налог за извршување (врз основа на чл.96 од ЗИ) по И.бр.2150/2025 од 31.10.2025 година на Извршител Александар Чамовски од Струмица
-Записник за попис и процена на подвижни предмети (врз основа на членовите 103, 104 и 105 од ЗИ) И.бр.2150/2025 од 04.12.2025 година на Извршител Александар Чамовски од Струмица

Продажбата ќе се одржи на ден 25.06.2026 година во 12,00 часот во просториите на Извршителот Александар Чамовски од Струмица, ул.Васил Сурчев бр.20 влез 1 локал 3, тел: 034/609-400.
Согласно чл.109 став 3 од Законот за извршување се применуваат одредбите за полагање на гаранција од членот 183 од овој закон.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на подвижните предмети.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од Извршителот Александар Чамовски од Струмица со бр.300030000248209 која се води кај Комерцијална Банка АД Скопје и даночен број 5027020507180.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Продажбата на предметите ќе се објави во дневниот весник Нова Македонија.

Купувачот е должен да ја положи вкупната цена на предметите, веднаш по заклучувањето на наддавањето, а најдоцна во рок од три дена согласно член 112 став (1) од Законот за извршување.

Предметите што се ставени на продажба може да се разгледаат кај должникот ДПТУ Касалуссо Дизајн ДООЕЛ с.Робово од Босилово на адреса 3 бр.10 Инд.зона-блок 10 Робово Босилово.

Овој заклучок се доставува до странките, а на учесниците на надавањето по нивно барање.

И З В Р Ш И Т Е Л
Александар Чамовски